**Почитувани,**

Центарот за социјални иновации БЛИНК 42-21 во соработка со Македонско-американската алумни асоцијација (МААА), организира онлајн тренинг – програма насловена Дигитални вештини за граѓанско учество. Оваа тренинг програма е поддржана од Амбасадата на САД во Северна Македонија.

Тренинг програмата е поделена во пет модули и ги вклучува следниве модули:

- **Модул 1: Дигитален активизам и медиуми;**
- **Модул 2: Развој на дигитални кампањи за граѓанско учество;**
- **Модул 3: Критичко размислување, дезинформација и отчетност;**
- **Модул 4: Лидерство врз основа на вредности;**
- **Модул 5: Граѓанско учество за јавна дипломатија.**

Тренинг - програмата (предавањата, обуките) ќе биде водени од глобални експерти, а основната цел е младите да ги развијат своите дигитални вештини, како едни од најважните вештини на 21 – от век, кои овозможуваат добро платена работа.

Имајќи предвид дека на Вашиот факултет имате програми кои соодветствуваат со темите на модулите, се надеваме дека оваа информација ќе ја споделите со студентите и тие ќе имаат можност да учествуваат на тренинг – програмата.

Учеството на тренинг – програмата е бесплатно, а студентите можат да се регистрираат на следниот линк: https://bit.ly/3sK5Add .

Исто така, навистина би ни значело доколку овие информации ги споделите на Вашата официјална веб – страна, за уште повеќе студенти да се вклучат.

За дополнителни информации слободно контактирајте ме на marija@blink42-21.mk или на 078 – 363 – 453.

Ви благодарам однапред за споделувањето на оваа информација.

Со почит,
Марија Василевска